Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20), член 28 став 2 точка 5 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), како и член 127 став 2 од Колективниот договор за култура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/20), Директорот на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје, донесе

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Br. Nr. 01-244/1
01.09. 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје (во натамошниот текст: Музеј), распоредот, шифрите, називите и описот на работните места и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој Правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје .

Член 4

Табеларен преглед (работна карта) на работните места во НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје е даден во прилог и е составен дел од овој Правилник.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Член 5

Во овој Правилник се утврдени и опишани вкупно 38 работни места на административни службеници, даватели на услуги и помошно – технички лица, распоредени на работни места согласно Правилникот за внатрешна организација на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје, од кои се пополнети 20 работни места.

Член 6

(1) Работните места на административните службеници во согласност со Законот за административни службеници се распоредени на следниот начин:

- Ниво В1 - (Советник за административни, општи и правни работи, Секретар) (вкупен број: 1)
- Ниво В1 - (Советник - главен сметководител) (вкупен број: 1),

- Ниво В1 - (Советник за маркетинг и односи со јавност) (вкупен број: 1),
- Ниво В2 - (Виш соработник за административни, општи и правни работи, Секретар) (вкупен број: 1),
- Ниво В3 - (Соработник за јавни набавки:1)
- Ниво Г1 - (Архивар) (вкупен број: 1),
- Ниво Г3 - (Референт благајник) (вкупен број: 1),

(2) Работните места на давателите на услуги/носители на дејност во согласност со Законот за култура се распоредени на следниот начин:

Категорија Д - стручни соработници во заштитата на културното наследство:
- Ниво Д1 - (Кустос советник) (вкупен број: 2)
- Ниво Д2 - (Виш кустос) (вкупен број: 4)
- Ниво Д3 - (Кустос) (вкупен број: 6)
- Ниво Д3 - (Едукатор) (вкупен број: 2)
- Ниво Д3 - (Водич) (вкупен број: 1)
- Ниво Д3 - (Библиотекар) (вкупен број: 1)

Категорија Ѓ – соработници во заштитата на културното наследство:
- Ниво Ѓ1 - (самостоен препаратор) (вкупен број: 1)
- Ниво Ѓ2 - (препаратор) (вкупен број: 1)
- Ниво Ѓ2 - (лаборант) (вкупен број 5).

(3) Работните места на помошно - техничките лица во согласност со Законот за култура и Законот за вработените во јавниот сектор се распоредени на следниот начин:
- Подгрупа 1, категорија Б/Ниво Б1 - (Билетопродавач) (вкупен број: 2)
- Подгрупа 1, категорија Б/Ниво Б2 - (Домаќин) (вкупен број: 1)
- Подгрупа 1, категорија Б/Ниво Б2 - (Друг работник за одржување на објектите, хигиеничар) (вкупен број: 3)
- Подгрупа 2, категорија А/Ниво А1 - (Работник за обезбедување) (вкупен број: 2)

Член 7

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за стручните административни службеници од категоријата В се:
- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според македонската рамка на квалификации и
    стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
  - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, работно искуство, и
    тоа:
    - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
    - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
    - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката.
  - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

(2) Потребни општи компетиции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;

- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за помошно - стручните административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),

(2) Потребни општи компетиции на средно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 9

Посебни услови утврдени со Законот за културата за давателите на услуги од областа на културата од Категорија Д се:

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Д1 најмалку осум години работно искуство во струката и стекнато стручно звање согласно прописите за заштита на културното наследство,
  - за нивото Д2 најмалку три години работно искуство во струката и стекнато стручно звање согласно прописите за заштита на културното наследство, и
  - за нивото Д3 до една година работно искуство во струката,

Член 10

Посебни услови утврдени со Законот за културата за давателите на услуги од областа на културата од Категорија Ѓ се:

- ниво на образование, вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование;
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Ѓ1 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Ѓ2 без работно искуство

Член 11

Посебни услови утврдени со Законот за култура за помошно - техничките лица во категориите А и Б, подгрупите 1 и 2 се:

- за нивото А1 најмалку средно четири годишно образование, односно тригодишно средно образование

- за нивоата Б1 и Б2 најмалку средно четири годишно образование, односно тригодишно средно образование

Член 12

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НУ Природнонаучен музеј на Република Северна Македонија - Скопје

1. Административна служба
1.1. Одделение за општи – правни работи,човечки ресурси, маркетинг и материјално финансиски работи

Реден број	**1**
Шифра	**КУЛ 01 02 В01 002**
Звање на работно место	**Советник за административни, општи и правни работи**
Назив на работно место	**Секретар**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Правни науки
Работни цели	Вршење правни, кадровски, административни и организациони работи
Работни задачи	- Ја раководи и организира работата на административниот и техничкиот персонал во Музејот; - Ги подготвува општите акти на установата, поединечните акти и материјалите за и од седниците на Управниот одбор, како и поединечните акти од надлежност на директорот; - управува со човечките ресурси во установата и врши правни, кадровски, административни и организациони работи за потребите на установата; - му помага на директорот во административниот дел на работењето и ги врши сите правни работи според правилата на правната струка; - ги врши правните работи во врска со засновањето, мирувањето и престанокот на работниот однос, остварувањето на правата на работниците од работен однос и нивната материјална и дисциплинска одговорност; - ги следи законите и другите прописи што се однесуваат на работењето на установата, укажува на промените и потребата од усогласување и дава предлози во таа насока; - врши работи поврзани со регистрацијата на установата и пријавувањето на статусните и други правни промени кај Централиниот регистар и другите надлежни државни органи; - се грижи за уредноста на имотно-правната документација на установата и за остварувањето на нејзините имотни права и подготвува договори за сите предметни облигациони односи на

	установата; - дава правни мислења и толкувања од предметните области и укажува на правната основаност на работењето на установата врз сите основи; - изготвува пријави и барања за поведување прекршочна постапка, како и тужби, предлози и поднесоци во судски и други постапки што се однесуваат на установата и врши и други работи во рамките на работното место.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**2**
Шифра	**КУЛ 01 02 В01 006**
Звање на работно место	**Советник – главен сметководител**
Назив на работно место	**Советник – главен сметководител**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Економски науки
Работни цели	Ажурно, континуирано и законско сметководствено работење.
Работни задачи	- врши пресметка на вкупниот приход, доход и чист доход и нивна распределба; - ги следи движењето на приходите и расходите, трошоците за амортизација, платите и другите обврски од доходот и чистиот доход, средствата за резервите и средствата од проекти; - врши книжење и контрола на финансиски документи; - ги контролира податоците од благајничкиот извештај; - изготвува периодични пресметки, завршна сметка како и аналитички план на Музејот; - врши преписка и усогласување на салдата со должниците и доверителите - ги следи прописите на материјално и финансиско работење; - ги евидентира сите промени на главната книга во системот на двојно книговодство; - води аналитички картици на купувачи, добавувачи на основни средства, евиденција на договорите за дело и на паричните средства и сите други видови аналитичка евиденција, за потребите на Музејот; - изготвува статистички извештај од доменот на финансово работење.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**3**
Шифра	**КУЛ 01 02 В01 009**
Звање на работно место	**Советник за маркетинг и односи со јавност**
Назив на работно место	**Советник за маркетинг и односи со јавност**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Економски науки

Работни цели	Афирмација и презентација на Музејот.
Работни задачи	- осмислува и организира програмско - промотивни активности на Музејот - обезбедува пласман и дистрибуција на маркетингшки материјали, во функција на подобра посетеност и комерцијална презентација на Музејот - континуирано ги известува јавните медиуми за програмските активности и актуелности во Музејот - организира и води конференции за печат и други медиуми
Одговара пред	Директорот

Реден број	**4**
Шифра	**КУЛ 01 02 В02 002**
Звање на работно место	**Виш соработник за административни, општи и правни работи**
Назив на работно место	**Секретар**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Правни науки
Работни цели	Ефикасно, координирано и навремено работење и доследна примена на законските прописи, статутот и другите општи акти на Музејот;Управување со човечките ресурси.
Работни задачи	- ја раководи и организира работата на административниот и техничкиот персонал во Музејот; - води евиденција за редовноста на работниците; - изготвува трајни и привремени решенија за работен однос и обезбедува ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата; - ги изготвува сите договори на Музејот и на корисниците на услуги како и меѓу одделни организации и Музејот, со кои се уредуваат прашања од областа на музејската дејност - го застапува Музејот пред правосудните органи; - изготвува одлуки и решенија кои ги донесуваат Директорот и Управниот Одбор; - изработува нацрти на сите општи правни акти;
Одговара пред	Директорот

Реден број	**5**
Шифра	**КУЛ 01 02 В03 002**
Звање на работно место	**Соработник за јавни набавки**
Назив на работно место	**Соработник за јавни набавки**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Правни науки
Работни цели	Спроведување на јавни набавки, ефикасно, координирано и навремено работење и доследна примена на законските прописи, статутот и другите општи акти на Музејот,

Работни задачи	- Подготвува акти од таа област и води регистар и друга задолжителна евиденција врз таа основа, припрема и доставува извештај за спроведените постапки за јавни набавки; - учествува во подготовката на планот за јавни набавки, изготвува одлука за јавни набавки, го објавува огласот, ја чува документацијата и води евиденција на јавните набавки; - ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка, ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведената постапка; - задолжително учествува како член на комисија кај постапките за доделување на договор за набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000,00 за работи - објавува негативна референца на ЕСЈН согласно условите од законот; - дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата за јавни набавки; - ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи кои се однесуваат на надлежностите од областа во која што работи и предлага нивна измена или дополнување, како и следење и примена на законските и подзаконските прописи од областа на јавните набавки
Одговара пред	Директорот

Реден број	**6**
Шифра	**КУЛ 01 02 Г01 010**
Звање на работно место	**Архивар**
Назив на работно место	**Архивар**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Вишо или Средно стручно образование, економски, правен смер или гимназиско образование.
Работни цели	Ефикасно вршење на административни задачи од областа на архивското работење.
Работни задачи	- Води сметка за правилно архивирање на сите предмети според планот на архивски знаци и листите на категории за чување на архивска граѓа и документарен материјал; - учествува во работата на комисијата за уништување на извлечениот документарен материјал по истекот на утврдените рокови за негово чување; - изготвува попис на архивската граѓа од трајна вредност и во средена состојба истата ја

	предава на надлежниот архив; - се грижи за безбедно чување на архивската граѓа од секаков вид оштетување или уништување, како и од неовластен пристап и ракување; - ракува со печатот и штембилот, ги чува и води сметка да не можат неовластено да се користат; - ја заведува поштата во деловниот протокол и во интерните книги и ја распоредува по организациони облици со претходен увид на директорот, ги заведува актите за испраќање и се грижи за нивно навремено испраќање; води евиденција на потрошениот материјал и ситен инвентар, се грижи за правилно сместување на инвентарот - организира набавка на потрошен материјал и одредени основни средства; води деловодна книга - Води кадровска евиденција за вработените во Музејот, план за годишни одмори на вработените и се грижи за конкретно реализирање на истиот; - Во соработка со Директорот подготвува материјали за седниците на органите на управување и нивните тела; - во соработка со директорот на Музејот ги подготвува и пополнува обрасците од општ карактер со кои се бараат податоци и информации за вработените и за Музејот.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**7**
Шифра	**КУЛ 01 02 Г03 006**
Звање на работно место	**Референт благајник**
Назив на работно место	**Референт благајник**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Вишо или Средно стручно образование, Економско училиште-економски смер.
Работни цели	Ефикасно вршење на административни задачи од областа на платите и благајничкото работење.
Работни задачи	- врши месечно пресметување на плати и надоместоци на плати; - ги врши сите уплати и исплати преку благајна; - води евиденција на сите парични документи исплатени преку благајна, во касовиот извештај; - пополнува статистички извештај(месечни и тримесечни); - ја води книгата на основни средства, отуѓување,

	расходи, набавка, опис и исправка на вредноста на истите; - води аналитички картици на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал; - врши средување на книговодствени картици со фактичка состојба и пописот.
Одговара пред	Директорот

2. Стручна служба
2.1. Одделение за геологија и палеонтологија

Реден број	**8**
Шифра	**КУЛ 03 04 Ѓ02 001**
Звање на работно место	**Лаборант**
Назив на работно место	**Лаборант**
Број на извршители	1 (еден)
Вид на образование	Средно стручно образование или гимназија, вишо образование или Високо-Биологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за култура и Законот за музеите.
Работни задачи	врши конзервирање, сортирање, средување и евиденција на геолошко-палеонтолошки материјал; учествува во ископување на геолошко-палеонтолошки материјали за потребите на изложбите и депоата; изработува одделенска и видова картотека на материјалот според напатствијата на кустосите во одделението; води документација на геолошко-палеонтолошки материјали; учествува во реализација на постојаните и тематските изложби од областа на геологијата и палеонтологијата; врши заштита на геолошко-палеонтолошките материјали во депоата и изложбата; ја одржува во исправна состојба теренската и лабораториската опрема во одделението; учествува во техничката подготовка на ракописите од областа на геологијата и палеонтологијата за музејските списанија.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**9**
Шифра	**КУЛ 03 04 Д03 002**
Звање на работно место	**Кустос**
Назив на работно место	**Кустос**

Број на извршители	1 (еден)
Вид на образование	Биологија, Геологија и минералогија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на стручен соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за културата и Законот за музеите.
Работни задачи	самостојно раководи со збирката на музејски предмети на одделението; учествува во кабинетско и теренско истражување, прибирање и средување музејски материјали и музејски предмети од областите на геологија и палеонтологија; стручно и научно обработува музејски материјали и музејски предмети од областите на геологија и палеонтологија; се грижи и ја следи состојбата на музејските предмети и музејскиот материјал на одделението; води документација на музејските предмети и музејскиот материјали согласно закон и подзаконските акти за музејската дејност; учествува во изготвување на програми за непосредна заштита на движното културно и природно наследство; учествува во подготвување на повремени изложби; учествува во реализацијата на постојаната музејска поставка; учествува во програмите за едукација и музејски маркетинг; учествува во реализација на други проекти и врши популаризација на музејските активности.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**10**
Шифра	**КУЛ 03 04 Д02 002**
Звање на работно место	**Виш кустос**
Назив на работно место	**Виш кустос**
Број на извршители	2(два)
Вид на образование	Биологија, Геологија и минерологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на стручен соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за културата и Законот за музеите.
Работни задачи	Покрај работните задачи опишани за кустос врши: - кабинетско и теренско истражување, прибирање и средување музејски материјали и музејски предмети од областа на геологијата и палеонтологијата; - стручно и научно обработува и проучува

	музејски материјал и музејски предмети од областа на геологијата и палеонтологијата; - објавува и презентира музејски материјал и музејски предмети; - раководи со проекти, истражувања и ископувања за кои ги врши целокупните подготовки, организација, непосредно раководење, следење на процесот на истражувањето и изработка на документација, стручна обработка на резултатите и извештаите; - изготвува елаборати за (ре)валоризација на движното културно и природно наследство и предлози за донесување акт за заштита на истото; - изготвува концепција на постојаната музејска поставка и за реализација на повремени изложби.
Одговара пред	Директорот

2.2 Одделение за инвертебрата

Реден број	**11**
Шифра	**КУЛ 03 04 Ѓ02 001**
Звање на работно место	**Лаборант**
Назив на работно место	**Лаборант**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Средно стручно образование или гимназија, вишо образование или Високо-Биологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за култура и Законот за музеите.
Работни задачи	- учествува во колекционирање на инвертебратен материјал; - врши препарирање, конзервирање, сортирање, средување и евиденција на инвертебратен материјал; - изработува одделенска и видова картотека за инвертебратниот материјал според напатствијата на кустосите во одделението; - води документација на инвертебратниот материјал според напатствијата на кустосите во одделението; - учествува во реализација на постојаните и тематските изложби од областа на Инвертебрата; - врши заштита на инвертебратен материјал во депоата и изложбата според напатствијата на кустосите во одделението; - ја одржува во исправна состојба теренската и лабораториската опрема во одделението; - учествува во техничката подготовка на ракописите од областа на инвертебрата за музејските

	списанија.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**12**
Шифра	**КУЛ 03 04 Д03 002**
Звање на работно место	**Кустос**
Назив на работно место	**Кустос**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Биологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на стручен соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за културата и Законот за музеите.
Работни задачи	- самостојно раководи со збирката на музејски предмети на одделението; - учествува во кабинетско и теренско истражување, прибирање и средување музејски материјали и музејски предмети од областа на инвертебрата; - стручно и научно обработува музејски материјали и музејски предмети од областа на инвертебрата; - се грижи и ја следи состојбата на музејските предмети и музејскиот материјал на одделението; - води документација на музејските предмети и музејскиот материјали согласно закон и подзаконските акти за музејската дејност; - учествува во изготвување на програми за непосредна заштита на движното културно и природно наследство; - учествува во подготвување на повремени изложби; - учествува во реализацијата на постојаната музејска поставка; - учествува во програмите за едукација и музејски маркетинг; - учествува во реализација на други проекти и врши популаризација на музејските активности
Одговара пред	Директорот

Реден број	**13**
Шифра	**КУЛ 03 04 Д02 002**
Звање на работно место	**Виш кустос**
Назив на работно место	**Виш кустос**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Биологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на стручен соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за културата и Законот за музеите.
Работни задачи	Покрај работните задачи опишани за кустос врши: - кабинетско и теренско истражување, прибирање и средување музејски

	материјали и музејски предмети од областа на инвертебрата; - стручно и научно обработува и проучува музејски материјал и музејски предмети од областа на инвертебрата; - објавува и презентира музејски материјал и музејски предмети; - раководи со проекти, истражувања и ископувања за кои ги врши целокупните подготовки, организација, непосредно раководење, следење на процесот на истражувањето и изработка на документација, стручна обработка на резултатите и извештаите; - изготвува елаборати за (ре)валоризација на движното културно и природно наследство и предлози за донесување акт за заштита на истото; - изготвува концепција на постојаната музејска поставка и за реализација на повремени изложби.
Одговара пред	Директорот

2.3Одделение за ентомологија

Реден број	**14**
Шифра	**КУЛ 03 04 Ѓ02 001**
Звање на работно место	**Лаборант**
Назив на работно место	**Лаборант**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Средно стручно образование или гимназија, вишо образование или Високо-Биологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за култура и Законот за музеите.
Работни задачи	- учествува во колекционирање на ентомолошки материјали; - врши препарирање, конзервирање, сортирање, средување и евиденција на ентомолошки материјал; - изработува одделенска и видова картотека за ентомолошки материјал според напатствијата на кустосите во одделението; - води документација на ентомолошки материјал според напатствијата на кустосите во одделението; - учествува во реализација на постојаните и тематските изложби од областа на ентомологијата; - врши заштита на ентомолошкиот материјал во депоата и изложбата според напатствијата на кустосите во одделението;

	- ја одржува во исправна состојба теренската и лабораториската опрема во одделението; - учествува во техничката подготовка на ракописите од областа на ентомологијата за музејските списанија.
Одговара пред	Директорот

Реден број	**15**
Шифра	**КУЛ 03 04 Д03 002**
Звање на работно место	**Кустос**
Назив на работно место	**Кустос**
Број на извршители	1(еден)
Вид на образование	Биологија
Работни цели	Ефикасно работење во својство на стручен соработник во заштитата на културното и природното наследство во согласност со Законот за културата и Законот за музеите.
